# ДОБРА или ЛОША ЗДЕЛКА?

## Златни правила за online купување

### КУПУВАЈТЕ ОД ПРОВЕРЕНИ САЈТОВИ

Користете брендови и продавници кои Ви се познати.

### РАЗМИСЛЕТЕ ДВАПАТИ ПРЕД ДА ПЛАТИТЕ

Осигурајте се дека ги разбирате ризиците од online купување.

### НЕ ПРАЌАЈТЕ ПАРИ НА НЕКОЈ КОЈ НЕ ГО ПОЗНАВАТЕ

Доколку не би дале пари на случаен минувач на улица, не го правете тоа и на интернет. Доколку е можно, осигурајте се да ги добиете прво производите/услугите.

### ПРОВЕРЕТЕ ПРЕГЛЕДИ И ОЦЕНКИ

Особено за непознати продавници и индивидуални продавачи.

### КОРИСТЕТЕ КАРТИЧКИ СО ДОПОЛНИТЕЛНА ЗАШТИТА КОГА КУПУВАТЕ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ

Повеќето банки нудат сервис со доставување на еднократна лозинка како дополнителна заштита на корисникот на картичката при on-line купување. Следете ја активноста на сметката преку банкарските извештаи како би можеле навремено да реагирате доколку забележите нешто невообичаено.

### НИКОГАШ НЕ ИСПРАЌАЈТЕ ПОДАТОЦИ ОД ВАШАТА КАРТИЧКА ПРЕКУ ЕМАИЛ

Никогаш не испраќајте копија од Вашата картичка, бројот на картичката, пинот или било која друга информација од картичката на било кој преку емаил.

### ВНИМАВАЈТЕ СО ТРАНСАКЦИИ ПОВРЗАНИ СО ПРЕТПЛАТА ИЛИ ЧЛЕНСТВО

Пред да ги оставите податоците од Вашата картичка за да платите претплата на интернет, дознајте како може и да се откажете од услугата.

### ОСИГУРАЈТЕ СЕ ДЕКА ТРАНСФЕРОТ НА ПОДАТОЦИТЕ Е БЕЗБЕДЕН

Користете HTTPS и SSL протоколи кога прелистувате на интернет. Запомнете: само катанецот не е доволна ознака дека веб страната е легитимна.

### ЗАЧУВАЈТЕ ЈА ЦЕЛАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ПОВРЗАНА СО ВАШЕТО ONLINE КУПУВАЊЕ

Можеби ќе бидат потребни за да се утврдат условите на купувањето или да се докаже дека сте платиле за производите/услугите.

### НЕ КУПУВАТЕ? НЕ ГИ ОСТАВАЈТЕ ПОДАТОЦИТЕ ОД ВАШАТА КАРТИЧКА НА САЈТОТ

Доколку не купувате ништо, не ги зачувувајте податоците од Вашата картичка

### ПРОВЕРЕТЕ ДАЛИ ПЛАЌАЊЕТО НА САЈТОТ Е БЕЗБЕДНО

Купувајте преку интернет само на сајтови кои имаат системи за целосна автентикација (како што се Verified by Visa/MasterCard Secure Code).

EUROPOL | EC3 European Cybercrime Centre
MRC
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПОЛИЦИЈА POLICE
СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

#BuySafePaySafe